# СООПШТЕНИЕ

Агенцијата за разузнавање (АР) на Република Македонија и Безбедносно – информативната агенција (БИА) на Република Србија на состанокот одржан на 08.06.2017 година, во Белград се согласија на заемно повлекување на официјалните претставници од Белград и Скопје и нивна замена во наредниот период, со цел зачувување меѓусебните односи и соработка. Ваквиот договор ќе стапи во сила од 15.06.2017 година. Воедно, двете страни се согласија дека во нивната заемна соработка не постојат препреки и нема да преземаат одговорност за постапките на поединци кои работат надвор од воспоставените процедури и правила за работа и соработка.

На крај, двете страни ја потврдија нивната посветеност на регионалната соработка, зачувување на стабилноста и безбедноста и заедничко спротивставување на современите предизвици и закани.

08.06.2017
Белград